**Издадено од:**
Општина Гази Баба Скопје
www.investinmgbskopje.com
contact@gazibaba.gov.mk
INVEST IN MGB
Municipality of Gazi Baba - Skopje, Macedonia

МЕСТО ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС
ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

ЗОНА 4 ОБИКОЛНИЦА

# # 4.1 НОВА ИНДУСТРИСКА ЗОНА - СКОПСКА ОБИКОЛНИЦА

СЛИКА - АРХИВА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



# #4.1 **НОВА** ИНДУСТРИСКА ЗОНА - ОБИКОЛНИЦА
## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
### ЛЕСНА ИНДУСТРИСКО-ЛОГИСТИЧКА ТРГОВСКА ЗОНА
41°59'56.8"N 21°32'05.4"E

СКОПСКА ОБИКОЛНИЦА - ПОМЕЃУ АВТОПАТОТ А2 – КЛУЧКА ХИПОДРОМ И КЛУЧКАТА КАЈ Р-1104 - ПЕРИФЕРНА ЗОНА

**Тип на проект**

Новата индустриска зона кај скопската обиколница, преку детален урбанистички план и проект конверзија на урбани намени претставува Б 2 и Б5 – градежно земјиште од 42,87 ha, за урбани намени Г2, Г3 and Г4 – градежно земјиште од 148,83 ha, за урбани намени Д2 – за површина со заштитено зеленило од 42,29 ha и за урбани намени Е1 & Е2 – за комунална инфраструктура супра-структура градежно земјиште од 50,56 ha. Во прилог на индустриската зона, проектот предвидува и компатибилни намени, преку реализација на хотели, големи угостителски објекти, деловни простории, културни и државни институции.

**Опис**

Проектот се наоѓа околу обиколницата Скопје, од двете страни, на градежно земјиште од 284,5 ha, помеѓу автопатот А2 кај клучката Хиподром, во близина на населеното место Инџиково, и клучката на R - 1104, на растојание од 3,2km. Обиколницата, заедно со оваа локација, е главниот транзитен транспортен коридор за домашни и странски логистички компании. Оваа индустриска зона е планирана за логистичка индустрија - магацини и дистрибутивни центри и лесна индустрија во комбинација со големи трговски и угостителски објекти. Локацијата е одлично поврзана со домашниот и странските пазари преку Паневропските коридори 8 и 10, како и со аеродромот Александар Велики и железничка мрежа која се наоѓа во непосредна близина, на растојание од само 10 km. Зоната ќе обезбеди одлична бизнис и логистичка локација за сите компании и нивните бизнис операции на пазарите на ЈИЕ и пошироко на пазарите на ЕУ, со огромен потрошувачки потенцијал.

**Стратегија за имплементација**

Ќе биде понуден на пазарот на недвижности преку системот на електронско наддавање на државно градежно земјиште.

**Достапност на јавен превоз**

По финализацијата на проектот, јавниот градски превоз ЈСП ќе овозможи редовни автобуски линии до локацијата.

**Сопственост**

Република Македонија и приватна сопственост (50% РМ, 50% приватна сопственост).

# ЗОНА 4

| | |
|---|---|
| Површина | 284,5 ха |
| Оддалеченост од центарот на Скопје | 10 км |
| Оддалеченост од железничка станица | 10 км |
| оддалеченост од аеродром | 10 км |
| Производство, дистрибуција, сервиси | 148,83 ха |
| Комерцијални и деловни функции | 42,87 ха |
| заштитено зеленило | 42,29 ха |
| Комунална инфраструктура и Супраструктура | 50,56 ха |

Пазар на недвижност – Зона # 4

Есен - 2015

| | | | |
|---|---|---|---|
| Канцеларии | Цени | (€/m²) | 1000 |
| | Закуп | (€/m²/год.) | 108 |
| Дуќани | Цени | (€/m²) | 1200 |
| | Закуп | (€/m²/год.) | 120 |
| Индустриски згради | Цени | (€/m²) | N/A |
| | Закуп | (€/m²/год.) | N/A |




- Урбана легенда на зоната:

А - Автопат А2
Б - Автопат R 1104
В - Индустриска зона - Обиколница Скопје










